РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Бр.-Nr. 35-350/5
31.01. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

unesco
World Heritage Convention

**Анекс 13 од Оперативниот водич**

ФОРМАТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ
НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЗАШТИТАТА ОД СТРАНА
НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ

**(во согласност со параграф 169 од Оперативниот водич)**

# СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО – ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

(Албанија/Република Северна Македонија) (C/N 99)

**Извештај за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (46 COM 7B.44)**

**Извештај за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуките на Комитетот за светско наследство (46 COM 7B.44),**

**Име на доброто**: Природно и културно наследство на Охридскиот Регион (Албанија/Република Северна Македонија) (C/N 99)

**Датум на впишување**: 1979 г.
**Проширување**: 1980, 2019 г.
**Година на незначителна промена на границите**: 2009 г.
**Критериуми:** (i) (iii) (iv) (vii)

## 1. Кратко резиме на Извештајот

Република Северна Македонија со своите активности континуирано продолжува да реализира активности во насока на зачувување на статусот на светско наследство за Природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Овој Извештај за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од реактивните мониторинг-мисии и одлуките на Комитетот за светско наследство содржи информации за постигнатиот напредок, како и за преземени и планирани активности со цел заштита на доброто.

Извештајот е подготвен во согласност со одлуките на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (45 COM 7B.104 и 46 COM 7B.44) за состојбата со заштитата на Светското наследство – Природно и културно наследство на Охридскиот Регион (Република Македонија) (C/N 99ter), усвоени на 45-тата сесија на Комитетот за светско наследство што се одржа во Ријад, Кралство Саудиска Арабија, и на 46-тата сесија на Комитетот за светско наследство што се одржа во Њу Делхи, Индија.

Напомнуваме дека во периодот од посетата на последната Реактивна мониторинг-мисија (март 2024 година) до подготовката на Извештајот за напредокот во Република Северна Македонија се одржаа парламентарни и претседателски избори, што резултираа со промени на централно ниво, кои имаа влијание врз временската рамка за постапување по одлуките, односно забавување на процесите за реализација на одредени активности. Владата, заедно со ресорните органи и институции, со посебен интерес и внимание ги разгледа и ги ревидираше активностите предвидени за реализација во Охридскиот Регион со посебен акцент на активностите што треба да овозможат баланс помеѓу идниот развој на Регионот темелен на зачувување на исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство на Охридскиот Регион како светско наследство, што воедно доведе до дополнително пролонгирање на предвидените активности поради административна и временска постапка за спроведување на дел од предвидените активности.

Активностите се реализираат во согласност со Планот за управување, како и во согласност со Акцискиот план предвиден во Стратегискиот план за рехабилитација на природното и

културното наследство на Охридскиот Регион, кој обезбедува цврста основа за започнување на процесот на закрепнување на доброто, а во согласност со итните мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија во септември 2023 година.

Со несмален интензитет се продолжува со санирање и подобрување на колекторскиот систем, како и следење на состојбите со водите на Охридското Езеро.

Со формирањето на новата Влада, направена е и реорганизација на секторите, со која Министерството за култура прераснува во Министерство за култура и туризам, што дава поголема можност за успешно планирање и спроведување мерки со кои ќе се детектира, но и ќе се намали еден од факторите кои негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на доброто – влијанието од туризмот.

## 2. Одговор на Одлуката на Комитетот за светско наследство

**Одлука: 46 COM 7B.44**

**Комитетот за светско наследство,**

1. **По разгледување на Документот WHC/24/46.COM/7B.Add.4;**
2. **Потсетувајќи редоследно на Одлуките 40 COM 7B.68 , 41 COM 7B.34, 43 COM 7B.36, 44 COM 7Б.77 и 45 COM 7Б.104 усвоени на неговата 40-та сесија (Истанбул/УНЕСКО, 2016 година), 41-ва сесија (Краков, 2017 година), 43-та сесија (Баку, 2019 година), продолжената 44-та сесија (Фужу/онлајн, 2021 година) и продолжената 45-та сесија (Ријад, 2023 година);**
3. **Забележува дека заедничката Реактивна мониторинг-мисија на Центарот за светско наследство/Меѓународниот совет за споменици и локалитети (ICOMOS)/Меѓународниот сојуз за заштита на природата (IUCN) го посети доброто и дека соодветните заклучоци и препораки ќе му бидат претставени на Комитетот на неговата 47-ма сесија;**

Постапувајќи по препораките од Реактивната мониторинг-мисија реализирана во март 2024 година, кои се однесуваат на Националниот парк „Галичица“, укажуваме на следново:

**Препорака 3.г** – Од 2020 година, Јавната установа Национален парк „Галичица“ (ЈИГНП), според одредбите од Планот за управување за периодот 2021 – 2030 година, целосно престана со активностите за директно користење на дрвните ресурси. ЈУНПГ издава само дозволи за локалните сопственици на шуми да ги задоволат потребите на домаќинствата за огревно дрво, но количеството е многу ограничено (помалку од 200 $m^3$ годишно). Од Годишниот извештај за состојбата на шумите во државна сопственост за 2023 година е евидентно дека вкупното количество пресечени дрвја е 116 $m^3$ и тоа е спроведено поради

појава на шумски пожар.

За **препораките 5.а.2, 5.а.3, 5.а.4, 5.а.5, 5.а.6,** кои се поврзани со заштитата и управувањето со комплексот „Св. Наум“, кој е во границите на НП „Галичица“, влијанието на ЈУНПГ е многу ограничено поради други многу моќни чинители/сопственици (Македонска православна црква). За имплементација на тие препораки, клучна е вклученоста на Владата на Република Македонија.

**Препорака 7.x** – Главната причина за повторното воведување на европскиот елен беше да се обезбеди активно управување со пасиштата имајќи го предвид отсуството на пасење од домашни животни (овци, кози, крави). Од самиот почеток, ЈУНПГ постојано беше советуван од националните експерти во оваа област. Дополнително, ЈУНПГ предвиде купување на GPS-околувратници за ослободените европски елени, за следење на нивното движење надвор од репродуктивниот центар.

**Препорака 7.h.1** – Во 2025 година ЈУНПГ ќе спроведе ревидирање на Планот за управување (2021 – 2030). Постигнувањето на препораката на IUCN (75 % од површината на паркот во природна зона) е главна цел. За успешна реализација на оваа цел, потребна е поддршка од Министерството за животна средина и просторно планирање и од Владата.

**Препорака 7.и** – Соработката со заинтересираните субјекти кои се занимаваат со прошетка на посетители со СУВ низ паркот се одразува силно врз заштитата на просторот. Се врши секојдневна комуникација со водичите кои вршат организирани тури низ паркот, а тоа е практика што се развива. Се одржуваат редовни состаноци со претставници на субјектите, што помага во целта да се заштити просторот. Состаноците се одржуваат пред сезоната и секогаш даваат резултат. НПГ е препознаен како парк каде што комуникацијата помеѓу заинтересираните страни стана неминовна за водење организирани активности за посета.

**Препорака 7.и.1** – Движењето по строго контролираните патеки е единствен услов за кохабитација помеѓу активностите со СУВ-возилата. Ограничувањето на движењето на главниот транспорт по земјен пат – коридор го дава потребниот минимум за зачувување на подрачјето каде што се врши дејноста со СУВ-возилата. Во принцип тоа се почитува, а се постигнува со постојана контрола од чуварската служба и од контролорите на влезовите во паркот. Додавањето на мерката за онлајн најава на организирани посети дава позитивен импулс за подобра контрола од страна на чуварската служба, а тоа се надгради во текот на 2024 година.

Во однос на наведеното во Извештајот на Реактивната мониторинг-мисија од март 2024 година, напомнуваме дека, иако со поскромни средства, со конзервацијата на спомениците (особено на црквите) се продолжи и во текот на 2024 година.

Конзерваторско-реставраторските работи на живописот на црквата „Св. Богородица

Болничка“ во Охрид започнаа кон средината на 2023 година, на што претходеа низа подготвителни теренски активности. Во рамките на проектот беа реализирани многубројни активности:

- расчистување на просторот околу источната и северната фасада на црквата од натрупани предмети и обрасната вегетација;
- отстранување на старите и дотраени фуги, подѕидување и нанесување на нови фуги на источната и на северната фасада на црквата;
- отстранување на новопојавените соли на ѕидовите во наосот и на олтарниот простор;
- отстранување и расчистување на стар и дотраен малтер и опшивки на северниот ѕид од наосот на црквата во прва и втора зона, како и на сводот од трансептот;
- отстранување и расчистување на стар и дотраен малтер и опшивки на јужниот, источниот и на северниот ѕид од олтарот во прва и втора зона;
- нанесување нови варови опшивки и конзерваторски малтер на места каде што беа отстранети старите.
- на повеќе нестабилни површини беше извршено инјектирање со варова маса со цел да се стабилизираат и да се зацврстат;
- насобраниот шут беше отстранет и транспортиран надвор од објектот.

Реализацијата заврши заклучно со 30.11.2023 година. За реализацијата на теренските активности е изготвен извештај.



  

*Конзерваторско-реставраторски работи на живописот на црквата „Св. Богородица Болничка“*

Во текот на 2024 г. обемни работи се одвиваа на еден од најзначајните музејски комплекси во Охрид, „Куќата на Робевци“, при што почна реализацијата на санациски мерки на подот во Магазата. Со проектот е предвидена реконструкција на фасадата, односно промена на надворешната дотраена столарија, поставување на систем за греење и ладење во музејската зграда „Куќа на Робевци“ во Охрид, како и промена на кровниот покривач на објектот Магаза (со санација на покривот од објектот Лапидариум) кои претставуваат составен дел од споменичната целина „Музејски комплекс Робевци“.

  



*Конзерваторско-реставраторски работи на „Куќата на Робевци“*

Во текот на 2024 година е реализирано тековно одржување на фасадата и на ентериерот на објектот „Спомен-куќа на Григор Прличев“ со отстранување на - глет-маси од ѕидовите и од таванот и нивно повторно премачкување, како и санацијата на покривот.



*„Спомен-куќа на Григор Прличев“*

Комплетно се завршени сите градежни активности предвидени со фазата 2 на објектот на ул. „Партизанска“ б.б. во Струга (Министерство за одбрана) – поставени се прозорци на северниот блок од северната, западната и источната страна, како и окапници на надворешната страна од објектот.



*Конзерваторско-реставраторски работи на архитектурата на ул. „Партизанска“ б.б. во Струга*

Тековно одржување на дрвени етнолошки предмети, односно таванот во Ширванот во „Куќата на Робевци“







Како дел од предвидените активности во согласност со Законот за заштита на културното наследство, стручни тимови од Заводот и музеј – Охрид работеа на изработка на елаборати за валоризација на објект на ул. „Димитар Влахов“ бр. 33 во Охрид (куќа на Малеви) и на куќа во с. Вевчани (која се наоѓа надвор од границите на Охридскиот Регион), при што се извршени теренски мерења, снимање и фотодокументирање на постојната состојба на објектите.







Од извршениот увид во состојбата на објектот „Куќата на Момирови“ на ул. „Илинденска“, констатирана е исклучително лоша состојба на објектот, како и опасност од негово уривање (особено покривот и стреите надвиснати над улицата). Предложени се итни мерки на претпазливост и оградување на објектот, како и прогласување на објектот за културно наследство во опасност (во согласност со националната легислатива).

Слична е состојбата и со управната зграда на НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински“ во Струга каде што е констатирана лоша состојба на кровниот покривач.







Во текот на 2024 година се направи увид во состојбата на меморијалните споменици и

спомен-обележјата посветени на настаните од Народноослободителната војна (1941 – 1945) во Охридско-струшкиот Регион и според можностите и расположливите средства, беше извршено интервентно санирање на оштетувањата.









*Пред и по интервенциите*





*Пред и по интервенциите на спомен-плочи од НОБ*

Во текот на кампањата за 2024, се реализира и дел од проектот за доистражување на просторот од Самуиловата тврдина/Цитаделата, со цел ревитализација на целиот

простор заради целосна презентација и самоодржување, опфатени беа 5 квадратни полиња.





*Самуиловата тврдина/Цитаделата*

Други тековни активности реализирани од страна на Заводот и музеј – Охрид:

- Дигитализација на ракописите од Збирката на средновековни ракописи од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид.





- Тековно одржување на Збирката историски предмети.





Со цел збогатување на музејската збирка, беа донирани 29 предмети: пијано, метроном, нотна количка, свилена покривка, гипсени фигури, нотна книга, аван, пепелник, чаши, послужавник, фотографии, докторска чанта, гоблен, радија. За предметите е извршена музејска евиденција. На два предмета: нотна количка и лекарска чанта, поради појава на црвојаднина и оштетувања е преземена неопходната превентивна заштита.










*Превентивна заштита на предметите*

4. **Наедно, ја поздравува ревизијата на Стратегискиот план за рехабилитација врз основа на препораките на Комитетот, но забележува дека постои итна потреба да се спроведе Стратегискиот план за рехабилитација без одложување и да се даде приоритет на неговите најитни активности, со цел да се отстранат сериозните и повеќекратни закани за доброто што Комитетот ги разгледа во 2021 година како реална и потенцијална опасност;**

Ценејќи ја итноста од спроведување на активностите предвидени во Акцискиот план на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион, Владата на Република Северна Македонија уште во септември 2024 година (по 46. сесија на Комитетот за светско наследство во Ријад, Кралство Саудиска Арабија), донесе заклучок со итни мерки што треба да се реализираат во следниот период. Дел од овие активности се нотирани во Извештајот за состојбата со заштитата за 2023 година, доставен од државите членки во февруари 2024 година.

Во насока на засилено и координирано управување со доброто, Владата на Република Северна Македонија ја именуваше новата Комисија за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Комисијата е именувана со решение на Владата од 10 декември 2024 година (бр. 41-12709/2). Комисијата ја одржа конститутивната седница на 22 јануари 2025 година. Работата на комисијата во овој мандат ќе ја води и управува Министерството за животна средина и просторно планирање, во согласност со мерките од кореспондентниот Закон за управување.

5. **Бара од државата членка Албанија да го надгради статусот на Стратегискиот план за рехабилитација, вклучително преку јасно и зајакнато управување, на пример, преку владино одобрување, за да се обезбеди ефективноста на неговото спроведување и навремено да се спроведат итни мерки за решавање на постојните закани за исклучителната универзална вредност и да се подобри севкупната состојба со заштитата на доброто;**

6. **Ги повикува државите членки да го зајакнат прекуграничниот дијалог од високо**

**институционално на оперативно ниво за да обезбедат негово ефективно спроведување, а истовремено ги повикува државите членки да уверат дека Комитетот за управување со прекуграничниот слив редовно работи, во двонасочен дијалог со прекугранична работна група која дава поддршка, за да се увери дека прекуграничните прашања се решаваат навремено и ефективно и дека темпото на напредок се следи и се соопштува;**

Како продолжение на GEF/UNDP/GWP-Med проектот „*Овозможување прекугранична соработка и интегрирано управување со водните ресурси во проширениот слив на реката Дрим*", Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) го одобри новиот проект „*Имплементација од Стратешкиот акционен план во сливот на реката Дрим за зајакнување на прекуграничната соработка и овозможување интегрирано управување со водните ресурси*", кој ќе обезбеди подобрен систем за прогноза и рано предупредување од поплави во сливот, стратегии за меѓугранично управување со ризик од поплави, зајакнување на националните и на регионалните институции одговорни за подрачјето и спроведување структурни и неструктурни мерки за заштита од поплави. Првичните консултативни средби со засегнатите институции се реализирани во ноември 2024 година, а реализацијата на овој проект се очекува да започне во првата половина на 2025 година.

Во тек е реализацијата на проектот: „Јакнење на капацитетите за управување со културното наследство на Охридскиот Регион: Обука за развој на бази на податоци и ГИС-платформа за недвижно културно наследство за Заводот и музеј – Охрид" финансиран од УНЕСКО, №: 4500466546-A1 Меѓународна асистенција бр. 3274 (https://whc.unesco.org/en/intassistance/3274.). Во согласност со Договорот за финансирање проект од национален интерес во културата за 2024 година од областа на меѓународната дејност, свој придонес во реализацијата на проектот имаше и Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија.

На 13.12.2024 година во Охрид беше организиран завршен настан на кој беше презентирана ГИС-платформата на недвижно културно наследство и археолошки локалитети на Охридскиот Регион. Покрај запознавањето со проектот од страна на координаторот, м-р Горан Патчев, свои презентации имаа и меѓународните експерти Ренд Епик и Татјана Мијатовиќ, како и домашните експерти Устијана Речкоска Шикоска и Анастасија Талевска. ВЕБГИС-платформата ја претстави Ѓорѓи Стојанов, претставникот од компанијата „Интелегент нетворк солушн ДОО Скопје"

Во текот на двете години од реализацијата на проектот (2023 – 2024) се оствариja низа активности – 3 работилници, 4 мисии, 32 посети на локалитети, за што беа доставени детални времени извештаи до Центарот за светско наследство на УНЕСКО во Париз.

Како дел од активностите беше и потпишувањето на Меморандум за соработка помеѓу НУ Завод и музеј – Охрид и Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети

Апостол Павле“ во Охрид, а во врска со организирање и спроведување на „Регионален камп за реставрација“ (RRC) во партнерство со „Културно наследство без граници – Албанија“ (CHwB Албанија), со кои, исто така, е потпишан Меморандум за соработка. Дел од активностите беа и повеќето презентации од поканети експерти од разни области за евиденција, инвентаризација, дигитализација и користење на современа технологија за 3Д-снимање со помош на дронови и фотограметрија за изготвување ортофотографии и топографски карти кои беа организирани на повеќе локации од македонска и од албанска страна. Резултат од овие активности е создавање на ГИС-платформа за недвижното културно наследство и археолошките локалитети во Охридскиот Регион, со што се обезбеди ВЕБГИС-база на податоци која ќе може да ја користи и пошироката јавност, а ќе се надополнува со податоци за недвижното културно наследство и заштитените и евидентирани археолошки локалитети собрани и документирани во текот на проектот.



Во текот на проектот беа обучени 6 професионалци од НУ Завод и музеј Охрид, како и 32 лица преку Регионалниот реставраторски камп, не само од Албанија и Македонија туку и од други соседни балкански земји. Беа снимени 32 локации и изработени 3Д-модели и ортофотографии (вклучени во ГИС) на локации во Охридскиот Регион, вклучително и ортофото на 2 целини од историските јадра на Охрид и Поградец, со приближно 35 000 фотографии. Беше прегледана и ажурирана многубројна документација и се направи инвентаризација од територијата на 4-те општини: Охрид, Струга, Дебрца и Вевчани, на 181 културно добро, и беа евидентирани 380 објекти и археолошки локалитети. На територијата на Република Албанија се забележани 4 културни добра во границите на светското наследство – Охридски Регион и 8 во границите на контактната зона. Целта на проектот е и класификација и скенирање (дигитализирање) на заштитените археолошки локалитети, изработена листа на приоритети за полесно попишување и архивирање, што е неопходна не само како евиденција, туку и како алатка за следење и управување со локалитетите.

Ова е првиот транснационален географски информациски систем од Светското наследство на Охридскиот Регион, и е од суштинско значење за управување со стотиците локалитети околу езерото.

Во текот на теренските активности беше користен и дрон. Сликите од дрон прво се обработуваа на терен со мала резолуција со помош на фотограметрискиот софтвер Агисофт и модел со ниска резолуција и генерирање на ортофото, а потоа беа вметнати во примерок од ГИС-софтвер.

Главната цел на проектот беше зајакнување на капацитетите на вработените во Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид за подобрување на управувањето со културното наследство распространето низ територијата на Охридскиот Регион, земајќи ги предвид наодите и препораките од Реактивната мониторинг-мисија (2017 година) и извештајот на Реактивната мониторинг-мисија од 2024 година и Одлуката на Комитетот за светско наследство од Њу Делхи, Индија (46 COM 7B.44), а во согласност со Одлуките на Комитетот за светско наследство 41 COM 7B.34 (Краков, Полска, 2017) и 43 COM 7B.36 (Баку, Азербејџан, 2019).

Сите наведени активности се едни од целите и предложените мерки нотирани во Акцискиот план на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030) и Целите за одржлив развој на Обединети нации кои се постигнуваат со нивно имплементирање, и тоа:

- точка 1.А.10 Зајакнување на мерките за заштита на културното наследство во Охридскиот Регион, каде што ГИС-проектот ќе помогне во изработка на Елаборат за ревалоризација на културното наследство со инвентар на културни добра во Охридскиот Регион, со идентификација на доброто (граници и контактна зона), со утврдена постојна состојба, со дефинирани режими на заштита по зони;

- точка 1.А.17 Зајакнување на рамката за управување на прекугранично и национално ниво, односно изработка на инвентар за Општина Поградец сличен на оној изготвен за Општина Охрид, сето тоа во една заедничка ВЕБ ГИС-платформа.

Со цел интензивирање на идната соработка, беше потпишан и Меморандум за соработка со Регионалната дирекција за национална култура (РДНК) од Корча, Република Албанија, со кој и двете страни се обврзуваат да соработуваат на оперативно ниво, при организирање проекти, изложби, едукативни активности и други иницијативи кои придонесуваат за зачувување и промоција на културното наследство, како и подобрување на механизмите за заедничко управување со Охридскиот Регион.

**Безбедност на културното наследство**

Врз основа на членот 104 од Законот за заштита на културното наследство, јавните установи за заштита се должни да донесат планови кои се однесуваат на безбедноста

заштита на културното наседство. Во конкретниов случај, Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид веќе има донесено два плана од безбедносен карактер како системско решение, и тоа:

1. План за превентивна заштита на културното наследство од незаконски дејствија, кој содржи организациони и мерки на техничко обезбедување, а за културното наследство од особено значење и мерки на електронски надзор;
2. План за итна акција во случај на незаконски дејствија, кој содржи оперативен и организациски дел со мерки на противдејство.

**Индиректни активности**

Активности кои посредно кои одат во прилог на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство се:

1. подготовката на новиот Закон за заштита на културното наследство, кој е насочен кон рационализација на административните постапки за оперативното делување во заштитата на културното наследство на релација: Министерство за култура и туризам - Управа за заштита на културното наследство - национални и локални установи за заштита на културното наследство;
2. подготовката на Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство 2025 - 2030, која треба да биде донесена во Собранието на Република Северна Македонија, документ од плански карактер кој се сообразува со реструктуираното Министерство за култура и туризам, сега како додадена вредност.

*7.* **Го повторува барањето до државата членка Северна Македонија:**

а) **изменувањата и дополнувањата на деталните урбанистички планови и одобрувањето на локалните планови за развој надвор од населбите да се одложат додека да се изврши Оцена на влијанието на наследството (HIA) на стратешко ниво и да се покаже дека овие планови не влијаат негативно врз атрибутите што се во основата на исклучителната универзална вредност на доброто,**

б) **генералните урбанистички планови за Охрид и Струга и инструментите за просторно планирање за неизградени подрачја да се елаборирани како итно прашање со целосно почитување на атрибутите што се во основата на исклучителната универзална вредност на доброто,**

**Контролирана урбанизација** – Одделението за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на Општина Охрид, во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за

урбанистичко планирање, води постапки за донесување:

- урбанистички планови (Измена и дополнување на блокови во Генерален урбанистички план во обединета постапка – ГУП и ДУП, детални урбанистички планови – ДУП, урбанистички планови надвор од населено место – УПВНМ, урбанистички планови за села – УПС),
- урбанистичко-плански документации,
- урбанистичко-проектни документации,
кои се предвидени во Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид за периодот 2024 – 2026.

Во постапката за изработка на урбанистички планови во согласност со Законот за урбанистичко планирање, Општината задолжително прибавува податоци и информации од институции, установи и правни лица кои вршат јавни овластувања, односно работи од области како: инфраструктура, заштита на животната средина, заштита на културното наследство, земјоделство, шумарство итн., како и нивно мислење за степенот на вклученост на издадените податоци и информации во планската документација.

За планските документи, Агенцијата за просторно планирање при издавање Услови за планирање на просторот дава насока за изработка на стратегиска процена на влијание врз животната средина, која се спроведува во согласност со Законот за животна средина.

Исто така, урбанистичките планови и урбанистичко-плански и проектни документации кои се работени во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, потребно е по стапување во сила на новиот закон да содржат одредби за примена на заштитни зони, режими и мерки на заштита за заштитени подрачја со закон, кои во меѓувреме се воспоставени со други закони, планови и стратегии (светско природно и културно наследство, национален парк, споменик на природата, парк на природата, заштитен предел, заштитен крајбрежен појас на природни езера итн.).

Со цел зачувување на статусот на светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион, Советот на Општина Охрид донесува *одлуки за начинот на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко-плански документации и донесување нови урбанистички планови и урбанистички проекти, како и за начинот на водење на постапките за утврдување на правен статус на бесправните објекти* за 2021, 2022, 2023 и 2024 година (нотирани во сите претходно доставени извештаи од страна на државата членка).

За тековната 2024 година, донесена е Одлука со бр. 08-18774/54 од 27.12.2023 год. (**Прилог 1**)

При изработката и донесувањето на урбанистичките планови/проекти и урбанистичко-планските документации, задолжително е внесување на заштитните мерки и забранетите активности дефинирани во зоните во согласност со Планот за управување со светското

природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план.

Во таа насока, а врз основа на Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. весник на РМ“ бр. 75/10), пред почнување постапка за јавна анкета и јавна презентација за урбанистичките планови, тие задолжително се доставуваат за добивање мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион.

Со цел целосно усогласување на деталните урбанистички планови за сите урбани заедници во рамките на ГУП на градот Охрид (кои треба да се финансирани од Општина Охрид) со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, Општина Охрид изготви *Развојна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид за 2024 – 2026 год.* (**Прилог 2**).

Општина Охрид нема донесено урбанистичка документација за плажи од причини што сѐ уште е во постапка *Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитената зона на крајбрежен појас на Охридскиот Регион* што го изработува Агенцијата за планирање на просторот.

Општина Охрид нема донесено урбанистичка документација за плажи и од тие причини, управните акти – одобренија за урбана опрема на плажи не се издаваат. Просторот на плажите може да се уредува и да се градат градби во согласност со законската регулатива предвидена во Законот за градење и Законот за градежно земјиште. Во согласност со овие закони, во овој момент не може да се уредува просторот на плажите бидејќи во постапка е *Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридскиот Регион* што го изработува Агенцијата за планирање на простор.

Во тек е доработување на Елаборат за валоризација/ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион, за чија цел се изврши увид на состојбата во 19-те урбани комплекси во Стариот град Охрид, се ревидираа и опишаа границите на секој од комплексите посебно и тие се мапираа на карта. За реализација на овие активности, во голема мера придонесе изготвувањето на Заштитно-конзерваторски основи (ЗКО) за Охридскиот Регион, а за потребите од изготвување нов Просторен план на Република Северна Македонија, *активност што ја координира Националната установа Национален конзерваторски центар за целата територија на Република Северна Македонија). Преку теренски активности и кабинетска обработка на податоците за секоја од трите општини (Охрид, Струга и Дебрца) беше ажурирана постојната инвентаризација на културните добра (регистрирани и евидентирани), со нивен табеларен приказ и графички прилози. Целата активност беше завршена на крајот од 2024 година.




в) **систематски да се испита, врз основа на јасни критериуми, степенот на негативните влијанија на дивоградбите и да се одлучи како да се отстранат или да се ублажат тие негативни влијанија, вклучително и преку отстранување на дивоградбите или нивни делови,**

Општина Охрид започна постапно отстранување на бесправно изградените објекти во заштитените зони за кои е издадено правосилно решение за отстранување од страна на надлежен орган. Одделението за инспекциски надзор во општината се соочува со недоволен број инспектори, како и ограничени финансиски средства за постапување. Во периодот 2020 – 2024 година се отстранети вкупно 27 бесправно изградени објекти (**Прилог 3** – Список доставен од Инспекторат - бр. 36-15300/1 од 17.12.2024 год.)

г) **да ја достави до Центарот за светско наследство, по завршувањето, „Физибилити студијата за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас во Охридскиот Регион" за разгледување од страна на советодавните тела;**

Со поддршка од УНДП, УНЕСКО и УНЕП, годинава беше изработена Физибилити студијата и беше споделена за да се разгледа од страна стручните тела за нивен коментар. Студијата ѝ беше презентирана на работната група формирана од Владата на Република Северна Македонија на 11 декември 2024 година.

*8.* <u>Исто така, го повторува барањето до државата членка Албанија за формално да го отстрани следново:</u>

а) **од одредбите на Генералниот локален план за Поградец, можноста за урбан развој во подрачјата по должината на крајбрежјето меѓу Поградец и**

Тушемишта и во Лин преку измена и дополнување на Генералниот локален план,

б) од Мастер-планот за Водниот парк на изворот на Дрилон, одредбата за изградба на објект на врвот на ридот во близина на Дрилон и на која било инфраструктура над и околу него,

в) можноста за урбан развој во руралното подрачје меѓу Тушемишта и областа Дрилон;

*9.* Дополнително го повторува барањето до државите членки итно да подготват Стратегиска оцена за животната средина (СОЖС) со која сеопфатно се проценуваат кумулативните влијанија на сите инфраструктурни и развојни планови и други големи проекти врз исклучителната универзална вредност на доброто и да ја достават до Центарот за светско наследство за разгледување од страна на советодавните тела;

*10.* Дополнително ја повикува државата членка Северна Македонија да ја запре изградбата во близина на Студенчишко Блато и комплексот Горица Север и Горица 3 додека да се спроведе горенаведената Стратегиска оцена за животната средина и додека да се заврши Оцената на влијанието врз наследството која е специфична за проектот;

**Урбанистички план вон населено место Горица Север, Општина Охрид** – Во врска со постапката за Урбанистички план вон населено место Горица Север (нотиран и во Извештајот на Реактивната мониторинг-мисија од 2024 година, ***Глава IV. Процена на состојбата со заштитата на доброто, точка 3.1***), Општина Охрид, врз основа на добиено мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (бр. 35-9929/4 од 05.11.2021 год.), како и во согласност со доставените граници на плански опфат за изработка на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридскиот Регион од страна на Министерството за транспорт и врски, (кој е во постапка на изработување и донесување, а во чии рамки влегува целиот плански опфат на УПВНМ Горица Север), не може да се постапува по предметниот УПВНМ.

*11.* Повторно ја повикува државата членка Северна Македонија да го финализира прогласувањето на Студенчишко Блато за Парк на природата и на Охридското Езеро за Споменик на природата и да увери дека со мерките за управување се зачувуваат клучните еколошки процеси и карактеристики што придонесуваат за исклучителната универзална вредност на доброто;

**Отстранување на напуштени, изгубени и на друг начин оставени рибарски мрежи – „мрежи духови“ од Охридското Езеро – 2024, како активност во проектот *„Заедно за чисто Охридско Езеро“***

Следствено на кампањата од 2023 година за задржување на континуитетот на

отстранување на „мрежите духови“ од природните рибни мрестилишта на пастрмката од Охридското Езеро пред почнување на зимскиот мрест, беше организирана и изведена тридневна кампања (1 – 3 октомври), финансирана од општествено активната компанија „СКОПСКО“. Детектирањето на повторно акумулирани „мрежи духови“ на локалитетите каде што се наоѓаат најзначајните природни мрестилишта на пастрмката во Охридското Езеро, од село Трпејца до локалитетот кај хотел „Гранит“, на југоисточниот и источниот дел на Езерото, е извршено со 98 нуркања од 4 нуркачи, во текот на неколку месеци пред кампањата за отстранување.

„Мрежите духови“, кои сè уште ловат не само риби туку и птици, ракови и други животни, се една од причините единките подготвени за мрест да ги избегнуваат овие области поради присуството на месо во распаѓање.

Беа отстранети вкупно 113 риболовни средства, 85 жабрени мрежи со вкупна должина од приближно 3900 m и 17 различни големини на окца од 10 до 165 mm од јазол до јазол и други риболовни средства, како: јадици, вештачки мамки, блинкери, сидра, најлонски јажиња итн. Сите овие средства беа отстранети од претходно евидентираните ГПС-позиции на длабочина од 5 до 70 метри со заеднички напор на тројца нуркачи од Нуркачкиот центар „Амфора“ – Охрид и истражувачкиот тим и ангажманот на истражувачкиот брод на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид.

За подигнување на јавната свест и споделување на резултатите и препораките од овој проект во врска со деградацијата на живеалиштата и влијанието на „мрежите духови“ врз живиот свет на Охридското Езеро, презентации на наодите и споредба со резултатите од претходните кампањи беа одржани во ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид на 5 октомври 2024 година.

**Реализација на проекти финансирани од Министерството за животна средина и просторно планирање во текот на 2024 година**

Во 2023 година ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид спроведе истражувања за процена на квалитетот на водата на реките Сатеска, Велгошка и Коселска и на крајбрежјето пред нивните утоки. Имајќи предвид дека вредностите за органски и хранливи материи се генерално повисоки во примероците собрани од реките, тоа е уште еден показател за силното влијание на речната вода врз езерското крајбрежје. Всушност, реките, минувајќи низ земјоделски површини, населби, туристички капацитети, како и индустриски зони, се приматели на комунални, индустриски и одводни отпадни води, што претставува потенцијална опасност за езерото како краен реципиент на речната вода. Ваквиот квалитет на водата во голема мера влијае врз целиот жив свет во езерото.

По успешно спроведената истражувачка активност во 2023 година (нотирано во Извештајот за состојбата со заштитата за 2023 година, доставен од државите членки во февруари 2024 година), во текот на 2024 година се спроведени активности/истражувања за процена на квалитетот на водата во делови од крајбрежната зона на Охридското Езеро на подрачјето Куба Либре, Грашница и Струга (женска плажа) – Радожда, со што се дава слика за состојбата со квалитетот на водата врз основа на физичко-хемиски и биолошки параметри во еден поширок размер, односно регион од крајбрежната зона на Охридското

Езеро.

Проект **Проценка на квалитетот на водата и нутриентното оптоварување во крајбрежната зона на Охридското Езеро во централното градско подрачје (Грашница, Сараиште, Пристаниште, Мазија, Куба Либре).** Целта на овој проект е да се согледа состојбата со квалитетот на водата во крајбрежната зона на Охридското Езеро во централното градско подрачје (делот Куба Либре, Парк, Мазија, Пристаниште, Сараиште и Грашница). Проектните активности имаат цел да ги следат концентрациите на хранливите материи 'одговорни' за процесот на еутрофикација и појавата на феноменот на зелени алги. Податоците ќе овозможат процена на еколошкиот (хемискиот) статус на водата од крајбрежниот дел во централното подрачје на градот и ќе имаат значење за понатамошните активности во насока на заштита на езерото. Секако, со оглед дека дел од резултатите ќе се однесуваат за локалитетот Сараиште, што важи за познато градско капалиште, како и за локалитетот од Куба Либре до Парк, што важи за атрактивна плажа во близина на градот и туристичките објекти, податоците за квалитетот на водата ќе имаат посебно значење за посетителите на овие плажи. Според добиените физичко-хемиски и биолошки параметри (вкупната застапеност на колиформни бактерии) врз основа на Уредбата за категоризација на водите, најалармантна и најизразена состојба со фекално и органско загадување е забележана на локалитетот Грашница. Вредностите од анализираните физичко-хемиски параметри и биолошките индикатори (вклучуваат микробиолошки, зоопланктонски и фитопланктонски анализи), кои се добиени преку имплементација на проектот, претставуваат основни показатели кои во голема мера ќе придонесат за зачувување на биодиверзитетот, за заштита на животната средина и за идентификување на изворите на загадување и утврдување на „жешки точки“ како потенцијални опасности кои влијаат врз квалитетот на водата во езерскиот екосистем во целина. Всушност, добиените резултати во рамките на овој проект, кои укажуваат дека во последните неколку децении антропогеното влијание е сè повеќе изразено и се одвива со забрзана динамика, ќе придонесат кон создавање научна основа која во понатамошниот период ќе претставува солидна база за интензивирање на процесот на подобрување на квалитетот на водата и на животната средина преку преземање конкретни мерки во поглед на намалување или целосно редуцирање на надворешните фактори кои, всушност, придонесуваат за забрзување на процесот на еутрофикација. Глобалниот проблем на еутрофикацијата е интензивен и на ова подрачје и добиените вредности за физичко-хемиските и биолошките индикатори за квалитетот на водата, интензивно треба да се користат во правец на спречување на забрзаната еутрофикација на езерото. Сето тоа ќе придонесе кон подобрување на здравјето на луѓето, како и за подобрување на мерките за управување со споменикот на природата Охридско Езеро.

Проект **„Проценка на антропогеното влијание врз северозападниот литорал на Охридско Езеро (Струга – Радожда)“.** Целта на проектот е одредување на степенот на трофија на водата во северозападниот крајбрежен регион на Охридското Езеро врз база на избрани физичко-хемиски и биолошки параметри, со цел добивање нови, ажурирани податоци што ќе дадат увид во актуелната состојба со водата на оваа страна од акватичниот екосистем, ќе направат споредба меѓу реонот Струга – Елен Камен кој е

поврзан на колекторскиот систем и реонот Елен Камен – Радожда кој не е опфатен со колекторот, со што ќе се добие прецизна слика за (не)ефикасноста на колекторскиот систем, а од друга страна ќе се отсликаат промените во водната средина како резултат на деструктивните активности на брегот на Езерото. Резултатите добиени од истражувањата во рамките на проектот укажуваат на интензивно антропогено влијание по целото северозападно крајбрежје на Охридско Езеро, од градот Струга до селото Радожда. Според поголемиот број физичко-хемиски и биолошки показатели, најоптоварени се локалитетите Женска плажа во Струга и Радожда. И покрај постоењето на колекторски систем на просторот Струга – Елен Камен, високите концентрации на органски материи, вкупен фосфор, ниско ниво на растворен кислород, како и релативно високите вредности на индикаторите за органско и фекално загадување кои доведуваат до развивање на животински заедници карактеристични за ß-мезосапробни води на локалитетот Женска плажа во Струга, укажуваат на постоење на нерегулирани комунални и други отпадни води кои на некој начин доспеваат во езерото и го загадуваат. Дополнително оптоварување во овој регион е и туризмот, со оглед на тоа што Женска плажа е во центарот на градот Струга и е една од најпосетените во текот на туристичката сезона.

На локалитетот Радожда, кој од друга страна не е поврзан на колекторскиот систем, се регистрирани високи вредности на амонијачен и вкупен азот, вкупен фосфор, како и релативно високи концентрации на колиформни бактерии и индикатори за фекално и органско загадување кои зборуваат за неопходноста и итноста од решавање на проблемите со комуналните отпадни води и другите загадувачи кои директно или индиректно се испуштаат во езерото на просторот од Елен Камен до Радожда.

Во другите истражувани локалитети, промените во квалитетот на водата во одредени временски периоди се должат на туристичката сезона во кампот Ливадишта или како резултат на изразени антропогени активности на крајбрежјето во регионот на Калишта.

Со оглед на тоа што во рамките на проектот се направени краткорочни истражувања кои ја отсликуваат актуелната состојба во северозападното крајбрежје на Езерото, но само во одреден период од годината, за добивање целосна слика и согледување на сезонските промени и состојби во регионот се потребни континуирани истражувања во дефинираните локалитети во текот на целата година.

За потребите на националниот научно-истражувачки проект **„Проценка на здравствената состојба на рибите од Охридското Езеро преку анализа на составот на рибната паразитофауна и хистопатологија“**, изведени се истражувачки активности на Охридското Езеро. Основна цел на истражувањето во овој проект е утврдување на паразитофауната (видови паразити според таксономската припадност) кај рибите во Охридското Езеро и утврдување на нивното влијание врз состојбата на водната средина, како и испитување на хроничната изложеност и влијанието на токсини од околната средина врз рибите со утврдување хистопатолошки оштетувања на жабрите, црниот дроб, слезината, бубрезите и репродукцијата. Според добиените резултати, најдени се голем број видови паразити (36) и речиси сите се или **специфични за домаќинот или со сложен животен циклус, додека паразити со прост животен циклус или генаралисти**

**се само 4 вида**: *Ichthyophthyrius multifilis, Posthodiplostomum cuticula, Raphidascaris acus* и *Lamproglena pulchella.* Тоа укажува дека во Охридското Езеро има голем број биотопи, каде што може да се развиваат различни видови паразити и нивните преодни домаќини, **а степенот на чистота на водата во езерото е висок.** Исто така, најдени се само 2 вида протозои *(Ichthyophthyrius multifilis* и *Myxobolus sp.)* и 1 вид копепода *Lamproglena pulchella,* за кои е карактеристично дека се повеќе присутни во води со поголемо органско оптоварување.

Очекувавме вкупниот екстензитет на инфестација на локалитетите со поголемо органско оптоварување (Охридски залив и Калишта-Радожда),да биде повисок во однос на локалитетот Градиште – Трпејца каде што има помало оптоварување, меѓутоа само локалитетот Калишта – Радожда имаше поголем екстензитет на инфестација (78,18 %) од локалитетот Градиште – Трпејца (61,76 %), додека екстензитетот на инфестација во Охридскиот залив беше релативно низок и најнизок од сите локалитети (61,63 %), што може да **укажува на одреден загадувач во животната средина** кој неповолно влијае врз присуството на паразитите или нивните преодни домаќини, а за што би требало да се направат дополнителни физичко-хемиски, микробиолошки и други истражувања.

Во текот на нашите испитувања се пронајдени неколку **нови видови паразити за паразитофауната на рибите од Охридското Езеро,** а тоа се: *Myxobolus sp.* (кај моранецот), *Myxobolus sp.* (кај грунецот), *Dactylogyrus bicornis (*кај платицата), *Dactylogyrus squameus (*кај амурот), *Dactylogyrus sp. 1* и *Dactylogyrus sp. 2 (*кај охридскиот грунец), *Dactylogyrus rarissimus?, Dactylogyrus sp 1* и *Dactylogyrus sp 2 (*кај охридскиот грунец), *Nicolla skrjabini (*кај плашицата), *Allocreadium montanum* (кај камнарот), *Urocleidus dispar (*кај сончарката), *Paradiplozoon sp.* (кај мрената).

**Планирани проекти**

1. **Специјација и адаптација кон домаќинот на видовите од родот Gyrodactylus (Platyhelminthes: Monogenea) од најстарите езера во Европа (Охридско и Преспанско)** – билатерален македонско-австриски проект

Предложениот проект ги комбинира аспектите на паразитологијата во контекст на специфичноста на домаќинот, со традиционалната таксономија, баркодирањето на ДНК и најсовремените геномски методи. Конкретно, имаме цел да одговориме на следните три главни цели:

<u>– Карактеризирање и опис на шест нови видови *Gyrodactylus.*</u>

<u>– Процена на специфичноста на домаќинот на неодамна разделените видови *Gyrodactylus.*</u>

<u>– Идентификување на геномските потписи на неодамнешната/почетната спецификација во *Gyrodactylus spp.*</u>

2. **Процена на здравствената состојба на рибната популација во Студенчишко Блато**

Главната цел на проектот се однесува на подлабока анализа на здравствената состојба на рибната популација во Студенчишко Блато, преку хистопатолошки истражувања на

внатрешните органи на рибите, нивната заразеност со паразити и присутноста на зоопланктон неопходен за исхрана на рибите. Вакви истражувања во досегашниот период не се направени и би биле многу корисни во процената на еколошката состојба на овој блатен екосистем и здравствената состојба на рибната популација во него.

12. <u>**Истовремено, бара од државата членка Албанија и од државата членка Северна Македонија да ја достават до Центарот за светско наследство, за разгледување од страна на Меѓународниот совет за споменици и локалитети, целата проектна документација во врска со предлог-проектот за конзервација и подобрување на ранохристијанската црква во Лин и проектот за рехабилитација на шеталиштето покрај езерото во Струга, соодветно;**</u>

Во однос на предвидениот **Проект за изградба на пешачка патека покрај Охридското Езеро** на пределот КО Струга – КО Калишта, изработен е Основен проект за изградба на пешачка патека Струга – с. Калишта (технички број 36-46 од септември 2015 година) за кој е изработен Елаборат за заштита на животна средина (бр. 0308-493 од 27.11.2015 година) и за него Општина Струга има донесено Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина (бр. 03-4503 од 07.12.2015 година). На изготвениот Основен проект е извршена ревизија од страна на ДП ПЕЛА ПРОЕКТ ДООЕЛ – Скопје, за што е доставен Извештај за извршена ревизија на техничката документација на Основен проект за изградба на пешачка патека Струга – с. Калишта (бр. 0308-285 од 21.09.2015 година).

За потребите на истиот проект е изработен и Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – нумерички податоци за патека по крајбрежниот појас од Струга до с. Калишта, на дел од КП 1/1, КО Охридско Езеро (бр. 0801–60/3-2019 од 07.03.2019 година).

Во 2019 година Општина Струга има донесено Одлука за доизградба на пешачката патека до с. Калишта, втора фаза во должина од 1490 м на крајбрежниот појас на езерото. (бр. 08-1536/19 од 16.04.2019 година)

Градоначалникот на Општина Струга, врз основа на поднесената спомената документација, издава Одобрение за градба/Решение за реконструкција на пешачката патека Струга – Калишта од 2-ра категорија (бр. 10-80 од 23.04.2019 година). (**Прилог 4:**

- <u>Основен проект за изградба на пешачка патека Струга – с. Калишта (технички број 36-46 од септември 2015 година);</u>
- <u>Елаборат за заштита на животна средина (бр. 0308-493 од 27.11.2015 година);</u>
- <u>Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина (бр. 03-4503 од 07.12.2015 година);</u>
- <u>Извештај за извршена ревизија на техничката документација на Основен проект за изградба на пешачка патека Струга – с. Калишта (бр. 0308-285 од 21.09.2015 година);</u>

- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – нумерички податоци за патека по крајбрежниот појас од Струга до с. Калишта, на дел од КП 1/1, КО Охридско Езеро (бр. 0801–60/3-2019 од 07.03.2019 година);
- Решение за реконструкција на пешачката патека Струга – Калишта од 2-ра категорија (бр. 10-80 од 23.04.2019 година)
- Одлука од Совет на општина Струга за доизградба на пешачка патека до с. Калишта (бр. 08-1536/19 од 16.09.2019 година)).

13. **Понатаму, ги повикува државите членки да спроведат Стратегиска оцена за животната средина и/или Оцена на влијанието врз животната средина за да го проценат потенцијалното влијание врз исклучителната универзална вредност на која било алтернативна траса на железничкиот Коридор VIII, за што треба да се подготви физибилити студија во 2024 година и да се доставаат сите оцени и релевантни технички информации до Центарот за светско наследство за разгледување од советодавните тела пред да се донесат какви било непоправливи одлуки;**

Постапувајќи по препораките од реактивните мониторинг-мисии кои се однесуваат на **железничкиот Коридор VIII,** во февруари 2024 година Железници на Република Северна Македонија – Инфраструктура, поддржана од Владата на РСМ и Европската инвестициска банка (ЕИБ) како водечка меѓународна финансиска институција за овој проект, аплицираше за грант за техничка помош со наслов „*Rail Cross Border Section, between Struga and the Albanian network-Technical Assistance for Preparation of Pre-Feasibility Study*“ преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (Western Balkan Investment Framework - WBIF). Грантот за техничка помош во износ од 750.000 евра е одобрен во јули 2024 година (број на грант WB30-MKD-TRA-01) и се однесува на делницата од Струга во Република Северна Македонија сè до точката на железничко поврзување во Република Албанија. Станува збор за билатерален грант во кој водечката улога ќе ја има Република Северна Македонија.

Во септември 2024 година, од страна на IFFICO (консултант доделен од страна на Европската комисија) е изработена прва нацрт-верзија на проектната задача (Terms of Reference) за идниот консултант; оваа верзија беше разгледана од засегнатите македонски страни и од ЕИБ и беше вратена на консултантот на доработка и ажурирање; консултантот достави ажурирана верзија на проектната задача во јануари 2025 година и таа дополнително ќе биде разгледана и одобрена од македонската и од албанската страна, како и од ЕИБ. По финализирање и одобрување на проектната задача (предвидено до крајот на првиот квартал во 2025 година), се очекува консултантот за изработка на проектна документација на ниво на претфизибилити студија со придружна документација, што вклучува и изработка на Стратегиска оцена за животната средина (СОЖС) и/или Оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС), да се мобилизира на почетокот на вториот квартал од 2025 година; овој консултант од IPF (Infrastructure Project Facility), по препорака на ЕИБ, ќе биде доделен преку веќе склучен рамковен договор за консултантски услуги на Европската комисија, односно нема да има тендерска постапка за избор на консултант.

Задачата на консултантот е предвидено да трае 15 месеци од негова мобилизација, и за тоа време треба да ја изработи целокупната проектна документација на ниво на претфизибилити студија со придружна документација.

Потребната документација во согласност со параграф 172 од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата за светското наследство ќе биде доставена до Центарот за светското наследство за разгледување од страна на советодавните тела ИКОМОС и ИУЦН.

Во однос на Коридор 8, делница на Автопат: Требеништа – Ќафасан, Јавното претпријатие за државни патишта во март 2023 година има склучено договор за изградба на Коридорот 8, меѓу другото и за делница на автопат Требеништа – Ќафасан со конзорциумот „Бехтел и Енка". За спроведување на горенаведената патна инфраструктура, Јавното претпријатие за државни патишта формира Проектна единица за спроведување на инфраструктурниот Коридор 8. Единицата е одговорна за спроведување на сите придружни процеси до изградба на патните коридори. Во согласност со горенаведениот Договор, дел од инфраструктурниот проект од Коридор 8, делница на Автопат: Требеништа – Ќафасан, односно линиската инфраструктура се движи во непосредна близина на заштитено добро од страна на УНЕСКО.
Пред почнување на какви било активности во однос на планирањето, проектирањето и изведувањето на предметната инфраструктура, беше изработена физибилити студија, а дел од тимот на Проектната единица присуствуваше на средбите со реактивните мониторинг-мисии на УНЕСКО.

Низ процесот на подготовка на документација за предметната инфраструктурна траса, Јавното претпријатие за државни патишта ги има преземено следниве активности:

- Договор со правен субјект за извршување на урбанистичко проектна документација (делница на Автопат 3А: Требеништа – Струга и делница на Автопат 3Б1: Струга – Франгово);
- Договор со правен субјект за извршување на проектирање на инфраструктурната траса (делница на Автопат 3А: Требеништа – Струга, делница на Автопат 3Б1: Струга – Франгово и делница на Автопат 3Б2: – Франгово – Ќафасан, чие проектирање ќе биде одлучено по склучен Договор со Република Албанија).

Во однос на наведените договори, Јавното претпријатие за државни патишта **нема** издадено налог за работа за изработка на планска и проектна документација, со што и **нема** одобрена ниедна урбанистичко-планска или проектна документација.

Јавното претпријатие, во согласност со Извештајот и забелешките на УНЕСКО, за предметната инфраструктурна траса и нејзиниот поширок опфат дополнително ќе изработи детални геолошки истражувања, студии за заштита на животната средина,

оцена на биолошката разновидност, оцена на културното наследство, од кој ќе произлезат сите потребни елементи и можности за трасирање на патната инфраструктура, како и заштита на природата, биолошкиот диверзитет и културното наследство, по што ќе се донесе одлука за точната локација.

Изготвената документација во согласност со параграф 172 од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата за светското наследство ќе биде доставена до Центарот за светското наследство за разгледување од страна на советодавните тела ИКОМОС и ИУЦН.

**3. Други тековни прашања за заштита идентификувани од страна на државата(ите) членка(и) кои може да имаат влијание врз Исклучителната универзална вредност на доброто**

**Следење на нивото на Охридското Езеро**

Управата за хидрометеоролошки работи постојано ги следи состојбите со годишните нивоа на Охридското Езеро. Анализите на годишните нивоа на Охридското Езеро за периодот 1961 – 2022 беа нотирани во Извештајот за состојбата со заштитата доставен од државите членки во 2024 година. Подолу во графиконите се претставени нивоата на Охридското Езеро за 2023 и за дел од 2024 година.




Нивоа на Охридско Езеро за периодот од 1 јануари 2023 до 1 јануари 2024




Нивоа на Охридско Езеро за периодот од 1 јануари 2024 до 1 декември 2024

Од нивограмите на Охридското Езеро за 2023 и 2024 година може да се забележи дека нивото на езерото има период на висок водостој и период на низок водостој. Високиот водостој е генерално во периодот од мај до јули, а нискиот водостој е во периодот јануари – февруари и од септември до ноември. Во 2024 година, минималните води се детектирани во месеците септември, октомври, ноември, а соодветно состојбата на езерото овој минимум ќе го зафати и во декември. Битно е да се спомене дека минимумот ја надмина минималната дозволена кота на езерото од 693.10 м.н.м.

Споредувајќи ги нивоата на Охридското и на Преспанското Езеро, можеме да кажеме дека ЕСМ со својата преграда игра позитивна улога и не дозволува екстремни загуби на вода да му се случат и на Охридското Езеро како што е случај со Преспанското, но со тоа не би требало да се согласиме во целост, затоа што со дополнителни мерки може да се намали евентуалната појава на екстреми. Ако според биолозите екстремните осцилации доведуваат до голема штета на биодиверзитетот, тогаш ќе мора да се направи напор да се вметнат дополнителни предупредувачки коти за аларм и ЕСМ во целост да ги применува. На овој начин ќе се избегне повремена појава на несакани спуштања на нивото, како што е случајов во последниов период кога во сливот има намалени атмосферски врнежи. Поради користење на водите, но во овој случај и поради екстремни намалувања на водениот талог од врнежите, нивото на езерото е под дозволениот минимум. Кај истекот на Црн Дрим во Струга, се забележува дека преградата е минимално отворена, т.е. се испушта биолошки минимум, а езерото се одржува на најниска кота.

Како потврда на ова може да послужи графиконот од р. Црн Дрим кај Ложани, каде што се забележува дека водите на Црн Дрим кај ХС Ложани во месец ноември 2024 година се




под ниво 50 cm, што значи дека од езерото се испуштаат генерално мали количества вода.

Од анализираните метеоролошки параметри (1951 – 2010), се забележува тренд на покачување на температурите на воздухот, намалување на релативната влажност, зголемување на испарувањето, зголемување на облачноста и намалување на осончувањето, врнежите немаат поголем тренд. Климатските варијации имаат голема улога во намалувањата на водостоите, како директно така и индиректно. Високите температури го зголемуваат испарувањето на водата од езерото и на тој начин езерото губи големи количества вода.




Повеќегодишни месечни и месечни количества врнежи за 2023

Ако се анализираат врнежите од 2023 година, генерално гледано, количествата врнежи за 2023 година се натпросечни, интересно е да се напомне дека во август и во септември, кога врнежите обично се најмали, имаме надминување на просеците, но ноември, кој е месец со најобемни врнежи, споредено со повеќегодишниот просек е далеку над просекот.

Обично во ноември има големи количества врнежи и се надополнуваат летните недостатоци.

Од податоците за 2024 година гледаме дека во оваа година имаме и натпросечни и потпросечни месечни вредности на врнежите, но секако имаме мали количества последователно, гледано од јуни па наваму. Особено мали врнежисе регистрирани во ноември, кога реално се очекуваат големи количества врнежи.




Повеќегодишни месечни и месечни количества врнежи за 2024 (без 11 и 12 месец)

Ваквата состојба со врнежите влијае врз намалувањето на водостоите на притоките од сливот на Охридското Езеро, но и на самото Охридско Езеро.




Повеќегодишни месечни и месечни количества врнежи за 2024 (без 11 и 12 месец)

Со споредба на температурите на воздухот (просечни месечни температури) за 2023 и 2024 година, се забележува дека во 2024 година температурите биле поголеми во однос на претходната година, освен во септември и октомври. Ова претставува дополнителен притисок врз водните ресурси затоа што реално ги зголемува вредностите на испарувањата, при што се губат дополнителни количества вода. Сето тоа влијае врз водните резерви на Охридското Езеро.

Мониторингот на езерото се подобрува секоја година и се очекува да продолжи трендот на набавка и инсталирање на нови мерни инструменти. Дотокот на вода што доаѓа од Преспанското Езеро би требало дополнително да се истражува и соодветно да се набават и да се инсталираат нови модерни инструменти за мерење на проектот како на влезот на изворските води кај Св. Наум во езерото, така и на излезот кај Струга.

**Колекторски систем** (*Препораката 13 од Реактивната мониторинг-мисија од 2017 година, како и препораката 7.а од Реактивната мониторинг-мисија од 2020*)

Со буџетот и ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за колекторскиот систем се предвидени средства во износ од 30.000,000 денари наменети за набавка и монтажа на дробилки и табласти затворачи. Постапката е во завршна фаза – склучен е договор со фирмата изведувач и се очекува да започне нивното поставување. Во изминатиот период се реализирани поголем број активности со цел целосно санирање и ставање во функција на колекторскиот систем:

- Комплетно се завршени, односно изработени проектите за пречистителните станици во населените места Љубаништа и Радожда;
- Комплетно е завршена новата пречистителна станица во Подмоље за третман на водите од Охридскиот Регион;
- Комплетно е завршено собирањето на отпадните води од населеното место Елшани и нивно внесување во колекторскиот систем;
- Завршен е проектот за реконструкција и осовременување на пречистителната станица (ПС) во Ложани;
- Изработени се проекти за фреквентна регулација во ПС Сатеска (приклучок на скада-систем);
- Изработен е проект за поставување дробилки и табласти затворачи за Калишта, Враништа, Струга 3, Подмоље, Елешец и Пештани;
- Изработен е проект за комплетна санација на ПС Струга 3;
- Во тек е анализа за исплатливоста на поставување фотоволтаици во пречистителната станица во Ложани.

Со цел нормално функционирање на колекторскиот систем, секојдневно се вршат анализи пред испуштање на пречистената вода во Црн Дрим, кои ги задоволуваат законските нормативи за испуст во реципиент, како и тековно санирање и ревитализација на пречистителната станица во Ложани.

- Одделението за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на Општина Охрид ја заврши постапката за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пречистителна станица со намена Е1.6 во село Трпејца.

- Исто така, завршена е и постапката и донесено е Одобрение за градба – Изградба на главен колектор и станица за пречистување на отпадни води во село Трпејца на Г.П.1.1 во КО Трпејца во согласност со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пречистителна станица со намена Е 1.6 во село Трпејца за дел од градба, со што се подобрува квалитетот и заштитата на водните системи.

- Започната е постапка за изработка на ЛУПД за намена Е2 - комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Долно Лакочереј - надвор од град, Општина Охрид, која е дел од Годишната програма за 2024 год. Постапката се планира да се заврши во 2025 год. (Препораката 16 од Реактивната мониторинг-мисија од 2017 година, како и препораката 2.6 од Реактивната мониторинг-мисија од 2020).

**Река Сатеска** – Општина Дебрца изготви проекти за изградба на фекални канализации за селата што гравитираат кон реката Сатеска. За дел од селата се изградени нови канализациски системи, а дел се санирани. Завршена е изградбата на канализациската мрежа во село Волино, а дополнително се обезбедени средства за изградба на канализациска мрежа и во село Требеништа која ќе се реализира во 2025 година и со што ќе се заокружи процесот на изградба на фекални канализации во селата кои гравитираат кон Охридското Езеро и реката Сатеска.

Проектот за реставрација и пренасочување на реката Сатеска е еден од комплексните проекти и има цел решавање на еколошкиот проблем од влијанието на река Сатеска врз квалитетот на водата на Охридското Езеро. Активностите се целосно завршени и за нивна операционализација и ставање во функција на системот, потребно е да се изготви стандардна оперативна процедура (СОП) со цел да се дефинира план за работа и одржување на контролираните реки (старото корито на река Сатеска и регулираното корито на река Сатеска), со јасни, целосни и точни упатства на надлежните институции и засегнати страни во насока на примена на законските обврски. Во таа насока, Владата на Република Северна Македонија на својата 30-та седница одржана на 12.11.2024 година ја усвои Информацијата за прогресот на Проект за рехабилитација на река Сатеска и пренасочување во нејзиниот природен тек со мерки за имплементација и притоа ги задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", АД Водостопанство на Република Северна Македонија, како и општините Струга и Дебарца да подготват *Стандардна оперативна постапка за спроведување на предвидените активности*. Оваа активност се очекува да биде завршена во првата половина од 2025 година.

Во рамките на програмата за уредување на градежни земјиште беа извршени градежни активности за поплочување и прередување на повеќе локации – седум (7) улици во стариот дел на градот, односно во УЗ Стар Град со чија изградба се подобруваат **пристапните**

**патеки до археолошките локалитети.**

Со преуредувањето на камените плочи коишто претставуваат автентична подлога за улиците во овој дел од градот се зголемува безбедноста и ефикасноста на сите учесници во сообраќајот. Секторот за комунални дејности на Општина Охрид предвидува во текот на 2025 година да бидат опфатени уште неколку улици со преуредувањето и да биде извршена замена на бехатон-елементите од неколку улички со природен и автентичен материјал.

Изработка на Стратегија за урбано зеленило паралелно со изработката на ГУП на Охрид во согласност со Законот за урбано зеленило

Во согласност со Законот за урбано зеленило, Општина Охрид изготви ***Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид, плански период (2023 - 2032)***, која е усвоена на седница на Совет на Општина Охрид на почетокот на 2024 година. Во согласност со позитивните законски обврски и дадени насоки Оштина Охрид во Програмата за заштита на животната средина и природата за 2024 година има предвидено да изработи и да постави на интернет апликација за Зелен катастар за граѓаните да можат да направат увид и да се информираат за реалната ситуација во врска со Зелениот катастар во Општина Охрид. Проектот е во  тендерска постапка. Во текот на претходните години Зелениот катастар во две фази беше изработен за делови од централното градско подрачје. Со Зелениот катастар се дефинираат сите зелени површини, други насади, дрвја, инфраструктура во функција на зеленилото, ретки, ендемски, реликтни видови, како и капитални примероци од дрвја кои подлежат на посебна заштита како природно и културно наследство, независно од нивната сопственост, но и придружните содржини на зелените површини (парковски, градинарско-урбанистички и други содржини). Дрвјата и грмушките се опишани со детални атрибути (на пример: вид, висина, здравствена состојба итн.) кои даваат вредни информации за подобрување на управувањето со јавното зеленило, како и влез за различна анализа на урбана отпорност.

Прогласување на локалитетот Дувало-Сулфарата Косел за заштитено подрачје

Во 2023 година, во согласност со Законот за заштита на природата, беше изготвен *Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало-Сулфарата во с. Косел* заради негово прогласување за заштитено подрачје. Елаборатот беше усвоен од страна на Советот на Општина Охрид и целокупната документација беше доставена до МЖСПП со цел прогласување за заштитено подрачје. **Уникатната тектонска појава на локалитетот Дувало Косел во атарот на село Косел од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со Решение бр. 13-312/4 од 12.06.2024 година е прогласена за природна реткост.** Во Програмата за животна средина за 2024 год. спроведена е имплементација на предлог-мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализациоја на локалитетот Дувало-Сулфарата Косел. Притоа, спроведено е чистење на локалитетот, поставување на информативни табли, патокази, оградување на просторот, реконструкција на постојниот видиковец и тампонирање на пристапниот пат. Целосната реализација на **предвидените активности е**

**во завршна фаза.**

**Изработка на Стратегија за одржлив туризам**

Во рамките на Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА, предвидени се средства во износ од 600.000,00 денари за „*Изработка на Стратегија за развој на туризмот 2025 – 2030*“. Претходно изработената **Стратегија за развој на туризмот,** која беше изработена за периодот 2020 – 2025 година, не беше усвоена поради нејзината неусогласеност со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион.

**Набавка на електрични велосипеди**

Во рамките на проектот „OHRID GO“, завршена е процедура за набавка на 25 електрични велосипеди и 5 станици и тие се доставени во салата на ЈП „Билјанини извори“. Станиците веќе се во финална фаза на поставување, а велосипедите ќе бидат функционални заедно со софтверот за нивно користење кој ќе функционира преку скенирање на QR-код и ќе има систем за наплата кој завршува од станица до станица, со што самите велосипеди ќе бидат заштитени. Со велосипедите ќе стопанисува ЈП „Билјанини извори“, за што се извршени и соодветни обуки.

**Електрични возила**

Во рамките на проектот „OHRID GO“, завршена е постапката за набавка на 7 електрични возила (2 големи со по 12 седишта и 5 мали со по 4 седишта) и се чека на нивна испорака за да се вклучат во сообраќајот на централното градско подрачје, со цел олеснување на движењето на возила и намалување на емисијата на штетни гасови. Четири возилата со по 4 седишта ќе сообраќаат во стариот дел на градот со цел намалување на движењето на возила во старото градско јадро. Исто така, во летниот период, сообраќајот во овој дел од Охрид е ограничен и пристап со возила имаат само жителите и туристите за кои сопствениците на апартмани и соби за издавање имаат обезбедено паркинг-место. За таа цел, поставени се рампи за ограничување на влезот на возила и пристап имаат само оние што поседуваат картичка за влез издадена во согласност со соодветна процедура.

**Имплементација на активности од Елаборатот (Правилник) за стандардизација и визуелна унификација**

Со цел да се врати стариот сјај на јавниот простор на Охрид, да се намалат во најголем можен степен негативните влијанија врз заштитеното историско подрачје со интервенции на самите објекти и околината што е во духот на основните начела на заштита на историски градови кои се впишани на Листата на светско културно наследство, а притоа водејќи сметка и за современите потреби за економски просперитет и одржлив развој на граѓаните и градот како целина, во 2019 година беше изработена *Анализа и елаборат за визуелно оптеретување на градот*.

Врз основа на овој документ, во 2022 година беше изработен *Елаборат (Правилник) за стандардизација и визуелна унификација*. Овој документ се однесува и важи за поширока

територија на Старото градско јадро на Охрид и неговата контактна зона. Со *Правилникот и каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите* се пропишуваат видот, типот, категориите и карактеристиките на стандардизирана и визуелно унифицирана урбана текстура, урбан мобилијар и утилитарни објекти. Во документот се определени типолошките серии на опрема, материјали за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликувана унификација на урбана опрема за јавни површини на територијата на градот Охрид.

*Правилникот и каталогот за стандардизација и визуелна унификација на урбаната опрема на локациите* е усвоен од страна на Советот на Општина Охрид и е објавен во Службен гласник на Општина Охрид број 13 од 2022 година (стр. 389).

Правилникот и каталогот се подготвени и се усвоени врз основа на одредбите од: Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за заштита на културно наследство, Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење.

Општина Охрид во 2023 година започна со промена на рекламните табли по должината на улиците „Цар Самоил“ и „Коста Абраш“ и на просторот кај црквата „Св. Софија“, при што се поставени унифицирани табли на 74 објекти. Средствата за нивна изработка и монтажа во износ од 2.436.841,60 денари беа во целост обезбедени од буџетот на Општина Охрид како дел од Програмата за развој на туризмот за 2023 година.

Во текот на 2024 година беа набавени и поставени уште 40 рекламни табли, почнувајќи од плоштадот „Св. Климент Охридски“ по должината на Охридската чаршија.






Во буџетот за 2025 година се планирани средства во износ од 6.000.000,00 денари за комплетна промена на сите рекламни табли во Охридската чаршија до пресекот со булеварот „Туристичка“. Дополнително се превидени уште 3.000.000,00 денари за

финансирање активности во согласност со Правилникот и Каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид. Типот на опремата, бројот и локациите што ќе бидат опфатени со оваа активност ќе бидат дополнително утврдени врз основа на теренска анализа извршена од страна на вработени во Секторот за туризам и локален економски развој.

Правилникот и Каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите е достапен на официјалната страна на општина Охрид на следниот линк:
https://ohrid.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B8-%D0%9A%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B4%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D1%83%D0%B5%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D0%BD%D0%B8%D1%84%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

Популаризацијата и презентацијата на културното наследство во Охридскиот Регион е дополнета и со голем број изложби и настани што беа организирани во неколку репрезентативни објекти во Охрид.

- *Спомен-куќата на Христо Узунов редовно ја посетуваат организирани групи ученици, странски и домашни туристи.*







Изложбата *„Антологија 4"* претставува продолжение на претходните проекти на Заводот и музеј – Охрид чија цел е претставување на дела од збирката на современа уметност преку тематски изложби. За оваа изложба е избрана темата *„Наивна уметност"* и таа опфаќа дела од најзначајните претставници на овој правец на уметноста од поранешните

југословенски простори. Проектот *„Антологија 4“* е започнат во 2023 година, кога се завршени сите подготвителни фази – изработка на каталог, подготовка на делата, фотографирање на делата и постер. Селектираните дела се изложени во *Куќата на Робевци.*








За реализација на јубилејната изложба „Вангел Наумовски 100 години од раѓањето“, најнапред се пристапи кон увид на состојбата на делата, конзервација на делата од истоимената збирка што се наоѓа во ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ во Охрид, потоа фотографирање на делата, изработка на каталог со текст на македонски и на англиски јазик.




Реализирана е Изложба на пафти, токи и колани од етнолошката збирка во НУ Завод и музеј – Охрид









Самуиловата тврдина во Охрид стана дел од Европската мрежа за туризам и маркетинг на градови со тврдини и активности, проект „Европскиот културен пат на утврдени споменици“ – „FORTE CULTURA“, со онлајн комуникација, со што се отвора широк круг можности за соработка и добивање средства од разни фондови за заштита и ревитализација на тврдините, а, пред сè, маркетинг низ сите пропагандни средства на мрежата.





*https://www.forte-cultura.eu/en/forte-cultura-en, табла која го означува членството на „Самуиловата тврдина“ во Европската мрежа за туризам и маркетинг на градови со тврдини,и сертификатот за членка*

**Чистење на Охридското Езеро и неговото крајбрежје**

Зачувувањето на животната средина е главниот мотив за организирање повеќе акции за чистење на Охридското Езеро и неговото крајбрежје во текот на 2024 година.

